РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Skopje
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
Примено: Pranuar: 26.03.2025
Орг. Един. Njësia org. | Број Numri 08-340 | Прилог Pranoi | Вредност Vlera

У-6.бр.88/2025

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: м-р Ѓоко Живковски - претседател на советот, Марта Телегравчиска и Рамије Цара - членови на советот, со записничар Добрила Бришковска Арсова – судски советник, решавајќи по тужбата на тужителот Државен инспекторат за животна средина, против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер Бр.08-340 од 22.01.2025 година, за пристап до информации од јавен карактер, на нејавна седница одржана на 24.02.2025 година, донесе:

Архивски знак: Shenja arkivuese:
Рок на чување: Afati për ruajtje:
20 година viti
Потпис Nënshkrimi

# Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Државен инспекторат за животна средина, против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер Бр.08-340 од 22.01.2025 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Државен инспекторат за животна средина, пред Управниот суд поднесе тужба за управен спор, против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер Бр.08-340 од 22.01.2025 година, со кое жалбата изјавена од Здружението на граѓани „Фронт 21/42“ – Скопје, поднесена против Решение на Државен инспекторат за животна средина бр.22-1192/2 од 25.12.2024 година, заведена во Агенцијата под бр.08-340 на 13.01.2025 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, е уважена и предметот е вратен на повторно постапување пред првостепениот орган, решението на сега тужителот како имател на информации бр.22-1192/2 од 25.12.2024 година под точка 2 и 3 од Барањето се поништува и имателот на информацијата е задолжен да го спроведе решението на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот најде:

Тужбата е недозволена.

Согласно член 3 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“бр.96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови, тужител е физичко или правно лице кое смета дека му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законски утврдениот рок.

Согласно член 21 став 1 од Законот за управните спорови, државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво здружение или заедница на граѓани, кои немаат својство на правно лице, може да поведат управен спор доколку се носители на права и обврски за кои се одлучува во управна постапка.

Согласно член 32 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови, Судот ќе ја отфрли тужбата со решение, доколку не се исполнети условите за водење на управен спор, односно доколку утврди дека оспорениот акт, дејствие или управен договор не засега некое право или правен интерес на тужителот.

Согласно член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови, Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка.

Во конкретниот случај, сега тужителот Државен инспекторат за животна средина како имател на информации, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер на Здружението на граѓани „Фронт 21/42" – Скопје со кое е побарано да се достави по е-маил или пошта фотокопија од документи како што се наведени во оспореното решение, донел Решение бр.22-1192/2 од 25.12.2024 година.

Незадоволен од вака донесеното решение, барателот Здружението на граѓани „Фронт 21/42" – Скопје поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која го донела сега оспореното решение Бр.09-340 од 22.01.2025 година, со кое го поништила решението на сега тужителот како имател на информации во својство на првостепен орган бр.22-1192/2 од 25.12.2024 година, со задолжение да постапи по напаствијата дадени во решението на Агенцијата.

Незадоволен од Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер Бр.09-340 од 22.01.2025 година, тужителот поведе управен спор.

Од увидот во тужбата и оспореното решние а врз основа на погоре цитираните законски одредби, Управниот суд најде дека сега тужителот Државен инспекторат за животна средина, не бил странка во управната постапка за чии права и интереси се одлучувало, туку бил орган како имател на информации кој ја водел постапката и одлучувал во прв степен, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имено, првостепената управна постапка, била поведена со Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Барателот - Здружението на граѓани „Фронт 21/42" – Скопје до сега тужителот како Имател на информации, а во својство на првостепен орган. Во оваа управна постапка, се одлучувало за правата на интересите на Барателот истакнати во барањето, а не за права и интереси на органот кој одлучувал по поднесеното барање. Сега тужителот, во првостепената управна постапка како имател на информации имал процесна положба на првостепен управен орган, кој одлучувал за правата и интересите на барателот на информацијата, така што, за истата правна работа не може истовремено да има положба на странка и да биде тужител во управен спор каде судот одлучува за законитоста на конечните поединечни

управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Имајќи го предвид член 20 од Законот за управните спорови, како тужител во управен спор може да биде само физичко и правно лице кое било странка или заинтересирано лице во управната постапка како лице на кое конечниот управен акт има влијание врз неговите права или правни интереси. Оваа дефиниција во целост ја исклучува можноста како тужител да се јави јавниот орган што ја водел управната постапка во која против управниот акт може да се изјави жалба до второстепениот орган. Во таа насока е и судската пракса изразена во решението на Врховниот суд У.бр.1613/91 од 14.05.1992 година, каде е направена јасна дистинкција помеѓу надлежност на јавен орган и право или правен интерес на јавниот орган со што тој не го препознава како тужител во управен спор против одлука на второстепен орган кој одлучувал по жалба против управен акт или недонесување управен акт во управната постапка што истиот ја водел во прв степен. Оттука, бараната информација која била предмет на првостепената постапка, произлегува од надлежноста на првостепениот орган - сега тужителот, односно е во рамките на неговиот делокруг на работа, а не како носител на права и интереси во правна работа која е надвор од неговата надлежност, за чија заштита би одлучувал друг јавен орган во рамките на својата надлежност, што е во исполнување на членот 21 од Законот за управните спорови, со која одредба се укажува на важноста на обезбедување на управно-судска заштита на правата и правните интереси на сите субјекти вклучително и на јавните органи, на кои во управната постапка тие им биле непризнаени, ограничени или одземени.

Воедно, со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се уредени условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, и други правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес во својство на иматели на информации, додека целта е да се обезбеди јавност и отвореност во работењето на имателите на информации кои за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста. Оттука, имателите на информации ги вршат работите од делокругот на своето функционирање во рамките на надлежностите кои има се доверени со закон, а не како носители на права и интереси. Со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Упатството за спроведување на овој закон, со кои се уредува жалбената постапката, пропишана е должност на имателот на информацијата да го спроведе решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое е уважена жалбата на барателот и предметот е вратен на повторно решавање, во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата. Според овие законски одредби, јасна е интенцијата на законодавецот за положбата на имателите и барателите на информацијата од јавен карактер, според кои имателите со должни да овозможат пристап до информациите од јавен карактер со што се обезбедува јавност во нивното работење.

Од вака утврденото, согласно горе цитираните законски одредби, Судот смета дека првостепениот орган не може да поведе управен спор против

решение на второстепениот орган - Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, кој орган одлучувал по поднесената жалба на барателот против првостепениот орган.

Од погоре наведеното, судот оцени дека во овој случај тужителот нема активна легитимација за водење на управен спор, поради што следуваше согласно член 32 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови, да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Управен суд, на 24.02.2024 година, под У-6.бр.88/2025.

Записничар - судски советник
Добрила Бршковска Арсова

Претседател на совет - Судија
Ѓоко Живковски

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител,
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Ѓоко Живковски

НК/

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник